**Врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу АД ЕСМ и Универзитет во Тетово, се распишува**

**КОНКУРС**

**за доделување 5 стипендии**

**за студентите на Универзитетот во Тетово**

На конкурсот можат да се пријават студенти кои студираат на Универзитет во Тетово, на една од следните студиски програми:

- **Факултет за применети науки**

  - Програмски студии: Мекатроника,

- **Факултет за применети науки,**

  - Програмски студии: Инженерска Економија

- **Факултет за природно математички науки**

  - Програмски студии: Информатика – Професионална насока.

Право на учество имаат сите студенти кои ги исполнуваат следните критериуми:

- студентот да е редовен студент запишан на прв циклус студии по прв пат во прв или трет семестар студиска година во учебната **2022/2023** година;
- просечната оценка на студентот (до датумот на аплицирање) да не е помала од 8.0;
- студентот да не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;
- студентот да е државјанин на Република Северна Македонија;

Изборот и селекцијата на кандидатите го врши Комисија за стипендирање составена од 3 (три) члена и тоа: два претставници од АД ЕСМ-Скопје и еден претставник од Универзитет во Тетово.

Селекцијата на заинтересираните кандидати за остварување право на стипендија ќе биде направена врз основа на остварениот просечен успех на студентот до датумот на аплицирање, освоените поени при упис на факултет и резултатите од реализираното интервју, кое ќе го врши комисијата составена од два претставници од АД ЕСМ и еден претставник од Универзитет во Тетово согласно следната методологија:

- освоени поени од остварениот просечен успех на студентот до датумот на аплицирање, најмногу 70 поени.
- освоените поени при упис на факултетот, најмногу 25 поени.
- резултати од реализираното интервју, најмногу 5 поени.

Висината на стипендијата изнесува 8.000,00 денари месечно и ќе се доделува за времетраење од 10 (десет) месеци годишно, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од исполнувањето на обврските од страна на студентите пропишани со Договорот за стипендирање.

Со избраниот кандидат ќе се потпише Договор за стипендирање.

Кандидатите на кои ќе им биде доделена стипендија имаат обврска студиската година да ја завршат во редовен рок и со просек не помал од 8, во спротивно, стипендистот го губи правото на стипендија и се обврзува да го врати примениот износ на компанијата со која го склучил Договорот за стипендирање и други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

**Потребна документација за аплицирање:**

- Пополнета апликација/прашалник подготвен од страна на АД ЕСМ-Скопје;
- Мотивациско писмо;
- Потврда за редовен студент;
- Уверение за реализиран просек и реализирани кредити (до датумот на аплицирање);
- Копија од диплома за завршено средно образование;
- Копии од дипломи за посета на курсеви;
- Изјава дека не сте корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија потпишана и од солидарен гарант;
- Копија од уверение за државјанство на Република Северна Македонија;
- Потврда за работен однос и плата на солидарниот гарант;

Апликацијата/прашалникот студентите може да ја земете на испратениот мејл или кај Центарот за Кариера ( Филолошки Факултет, прв спрат, канцеларија бр.147). Истиот е

објавен и во следната адреса: Конкурс – АД ЕСМ 2022-2023 – Универзитет во Тетово (unite.edu.mk)

**Начин на аплицирање:**

Документите се поднесуваат во Центарот за Кариера при Универзитет во Тетово, или по пошта на адреса: Центарот за Кариера, Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, бб, 1200 Тетово. Рокот за поднесување документи е до 17.11.2023 година.

Напомена: документацијата се доставува на два јазици ( албански и македонски) .